Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии
Бр. 09 - 680/1
14. 04. 2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии
Број: 09-665/1
Датум: .4.2020 г.
СКОПЈЕ

# ПРОЦЕДУРА
## за барање оцена на докторски труд

Согласно член 13 од Одлуката за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба, студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии, кои до 31.3.2020 година, имаат прифатено тема за изработка на докторски труд од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот можат да побараат да не им се продолжи рокот за доставување на работна верзија на докторски труд и при тоа да достават барање за формирање комисија за одбрана на докторски труд.

**1.** Студентот кој ќе одлучи да го предаде или веќе го предал својот докторски труд заради преглед и оцена потребно е преку е-пошта да го извести менторот, при што му го доставува изработениот труд, во word формат.

**2.** Менторот го прегледува докторскиот труд и до кандидатот доставува забелешки и сугести, ако ги има. Кога менторот ќе констатира дека менторската фаза е завршена, го известува студентот со цел отпочнување постапка за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд.

3. Студентот (докторандот) поднесува Барање за формирање комисија за одбрана на докторскиот труд (објавен образец) до менторот. Со Барањето студентот ја доставува, од менторот, одобрената верзија од трудот во PDF формат на официјалната е-пошта на Факултетот (contact@feit.ukim.edu.mk).

4. Менторот преку архивата на Факултетот (arhiva@feit.ukim.edu.mk) го доставува барањето до раководителот на Советот на докторски студии за да даде предлог на членови на Комисија за одбрана.

5. Советот на докторски студии на седницата што се одржува преку теле-конференција го разгледува барањето и до ННС дава предлог на Комисија за одбрана.

6. Советникот за докторски студии од Одделението за студентски прашања се грижи за преглед на досието на студентот од страна на комисијата која по прегледот изготвува записник за уредноста на досието на докторандот.

7. По добивање на Барањето за формирање Комисија за одбрана и добивањето на докторскиот труд на официјалната е-пошта на Факултетот истото се става на дневен ред на наредната седница на ННС каде се формира Комисија за одбрана.

8. По донесување одлука за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд, менторот го доставува, преку е-пошта, докторскиот труд до членовите на Комисијата заради преглед и оцена. Роковите за преглед, оцена, објавување на извештајот и сл. се согласно со Правилникот за условите,

критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 418/2019).

9. Комисијата за одбрана го поднесува потпишан Извештајот за оцена на докторскиот труд во архивата на Факултетот, како и испраќа извештајо во word формат преку официјалната е-пошта на Факултетот (contact@feit.ukim.edu.mk) заради објавување во Билтенот на Универзитетот.

10. Студентот е должен да достави во архивата 7 примероци во тврд подврз од конечната верзија на докторскиот труд 5 дена пред седницата на ННС кога се разгледува Извештајот.

**Напомена:** по престанок на мерките на Владата сите документи доставени преку е-пошта се потпишуваат од страна на инволвираните лица.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски